Рев2.бр.1211/2011

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА во совет составен од судиите: Зирап Лимани - претседател на советот,
д-р Милка Ристова, Беса Адеми, Фаик Арслани и Јелица Крстевска - членови на советот, во правната работа на тужителот Массимо Пиаццалунга од Рим, Италија против тужената Република Македонија-Министерство за правда, за надомест на штета, вредност на спорот 3.020.215,39 ЕУР, одлучувајќи по ревизијата од тужителот изјавена преку Адвокатско друштво Чакмакова Адвокати од Скопје, против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.5177/10 од 10.3.2011 година, на седницата одржана на ден 27.9.2012 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда XXXVIII П.бр.12667/07 од 29.6.2010 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот Массимо Пиаццалунга од Рим, Италија, при што ја задолжил тужената Република Македонија-Министерство за правда да плати на тужителот на име надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради неосновано лишување од слобода и држење во притвор износ од 100.000,00 денари, со законска казнена камата според Законот за облигационите односи, сметано од денот на пресудувањето 29.6.2010 година до исплатата, во рок од 15 дена од приемот на пресудата. Поголемото тужбено барање на тужителот за надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки, поради неосновано лишување од слобода и држење во притвор од досудениот до бараниот износ од 1.500.000,00 ЕУР и тужбеното барање да се досуди нематеријална штета во износ од 1.500.000,00 ЕУР за претрпени душевни болки и поради повреда на правото на слободно движење, поради одземената патна исправа во траење од 5 месеци и 8 дена, како државјанин на Република Италија, душевни страдања, страв, тага, срам, повреда на честа и угледот пред соседите, пријателите и деловните партнери во Република Македонија и Република Италија, поради што семејството морало да се пресели надвор од Рим во друго живеалиште, душевни болки поради неможност да ги посетел своите синови во Република Италија, душевни болки поради неговата мајка која била неподвижна и тешко болна и поради влошување на здравствената состојба на неговиот татко, кој не можел да го посети, барањето на законска казнена камата според Законот за облигационите односи, како и тужбеното барање за надомест на материјална штета поради неработење на неговата фирма во износ од 800.000,00 ЕУР, пропуштени рокови и

нереализирани договори, земен кредит и пропуштени рати, поради ликвидација на фирмата, настанати долгови поради неосновано лишување од слобода, изречен и издржан притвор, како и ограничена слобода на движење, надомест на адвокати и адвокатска награда во износ од 10.000,00 ЕУР, неможност да ја плаќал редовно издршката за своите деца во износ од 85.215.39 ЕУР, нарушување на здравјето и состојбата на очите во износ од 20.000,00 ЕУР, изгубена заработувачка и испуштена корист поради неработење како основач и единствен управител на фирмата АБ ДОО од Рим во износ од 605.000,00 ЕУР, во вкупен износ од 1.520.215,39 ЕУР за надомест на материјална штета, со домицилна камата и камата според Законот за облигационите односи, го одбил како неосновано. Делумно го усвоил барањето на тужителот за надомест на име трошоци на постапката, при што ја задолжил тужената да ги надомести трошоците на тужителот во износ од 16.148,00 денари во рок од 15 дена од приемот на пресудата, а поголемото барање за надомест на трошоците во постапката од досудениот до бараниот износ од 381.893,00 денари, го одбил како неосновано. Исто така, делумно го усвоил барањето на тужената за надомест на име трошоци на постапката, при што го задолжил тужителот да ги надомести парничните трошоци на тужената во износ од 60.810,00 денари во рок од 15 дена од приемот на пресудата, а поголемото барање на тужената за надомест на трошоци од досудениот до бараниот износ од 74.880,00 денари, го одбил како неосновано.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.5177/10 од 10.3.2011 година, жалбата на тужителот изјавена преку Адвокатското друштво Чакмакова Адвокати од Скопје и жалбата на тужената изјавена преку Државното правобранителство на Република Македонија, ги одбил како неосновани и ја потврдил пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје П.бр.12667/07 од 29.6.2010 година.

Против ваквата пресуда, тужителот изјави ревизија преку Адвокатското друштво Чакмакова Адвокати од Скопје, поради суштествени повреди на одредбите на Законот за парничната постапка, погрешна примена на материјалното право и одлуката за трошоците, со предлог ревизијата да се усвои, да се преиначи второстепената пресуда на начин што ќе се усвои поднесената жалба на тужителот, ќе се укине првостепената пресуда во став 1 и 3 од изреката и предметот во тој дел да се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд или да се преиначи пресудата на второстепениот суд во став 1 и 3 од изреката на начин што ќе се усвои жалбата на тужителот и предметот да се врати на повторно постапување пред првостепениот суд, како и да се надоместат трошоците на тужителот за изјавената ревизија според доставениот трошковник.

Одговор на ревизија не е поднесен.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите во предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната одлука во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05), најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е ревизискиот навод за суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка, од причина што побиваната пресуда е јасна, разбирлива, со доволно образложени причини за решителните факти, не противречи самата на себе, па истата може во

целост да биде испитана.

Во текот на постапката било утврдено дека на ден 12.7.2001 година, Основното јавно обвинителство - Скопје до Основниот суд Скопје I Скопје поднело барање за спроведување истрага против тужителот и Бранко Босилков од Скопје, поради постоење на основано сомнение дека сториле по едно кривично дело - Измама по член 247 од Кривичниот законик и предложило против тужителот да се определи мерка притвор. На ден 12.7.2001 година е донесено решение КИ.бр.371/2001 за спроведување на истрага против тужителот и Бранко Босилков, при што на тужителот му бил определен притвор во траење од 15 дена, сметано од 12.7.2001 година до 27.7.2001 година. Тужителот бил во притвор 8 дена, односно до 20.7.2001 година, кога со решение на истражниот судија на Основниот суд Скопје I Скопје, КИ.бр.371/2001 од 20.7.2001 година била укината мерката притвор, по дадената согласност од Основното јавно обвинителство Скопје од 20.7.2001 година, кон која била приложена гаранција на амбасадата на Република Италија дека тужителот ќе остане во Република Македонија во текот на постапката.
Со решение на истражен судија на Основниот суд Скопје I Скопје, КИ.бр.371/2001 од 20.7.2001 година, на тужителот му била одземена патната исправа, со цел да биде обезбедено неговото присуство во текот на постапката, при што решението не било обжалено од негова страна. По спроведената истрага бил поднесен обвинителен акт на 8.10.2001 година и во Основниот суд Скопје I Скопје бил оформен кривичен предмет К.бр.1628/2001. На 27.12.2001 година, тужителот со молба побарал враќање на патната исправа, при што на 28.12.2001 година му била вратена за 30 дена сметано од приемот на истата. Со пресуда К.бр.1628/01 од 26.11.2003 година на Основниот суд Скопје I Скопје, било одбиено обвинението против тужителот, бидејќи застапникот на обвинението се откажал од обвинението, а со оглед на тоа што во конкретниот случај се работело за граѓанско-правен однос. Пресудата станала правосилна на 19.2.2004 година, а извршна на 7.3.2004 година. Тужителот доживувал душевна болка поради неоправданото лишување од слобода, односно поради нарушениот углед и честа, како и негативни емоционални доживувања во смисла на интензивно чувство на страв, неизвесност и загрозеност, чувство на тага и безнадежност, вклучително и револт поради неоправданоста и незаслуженоста на притворот. По ослободувањето од притвор, дошло до намалување на интензитетот на душевната болка, но и понатаму опстојувала со среден до слаб интензитет, до значајно редуцирање на интензитетот дошло по правосилноста на пресудата со која е одбиено обвинението, а сеуште чувствува извесна непријатност. За време на притворот, тужителот бил прегледан од лекар и притоа не биле забележани промени на очите, што значи дека болеста на очите не се појавила за време на престојот во затворот, ниту можело да се тврди дека притворот од 8 дена бил причина за влошување на состојбата со очите. Тужениот имал обврска да плаќа издршка во месечен износ од 2.500.000,00 лири за двете деца, почнувајќи од 2000 година, а неговата поранешна сопруга побарала плаќање на износ од 85.215,39 ЕУР за периодот од јули 2001 година до декември 2006 година. Во периодот кога му била одземена патната исправа на тужителот, се повредил неговиот син и во писмо од таткото на тужителот било наведено дека синот на тужителот имал итна потреба од својот татко да биде покрај него. Тужителот бил содружник и управител на АБ ДОО од Рим, Италија, при што на 14.5.2001 година била донесена одлука за ликвидација на друштвото. На ден 25.10.2001 година во италијанската амбасада во Скопје, тужителот дал генерално полномошно на својот татко, со овластување за раководење на сите сегашни и идни добра, склучување на договори, барања до институции, заложување на имот и застапување во други определени околности и случаи. На ден 4.11.2006 година, неговиот татко бил испишан од Болничката

установа „С.Камило-Форланини“, а за време на неговиот престој му била поставена дијагноза-коронарна критична болест на секундарниот крвен сад, хипертензија на артериите, дизлипидемија. На ден 7.11.2003 година, мајката на тужителот била оперирана во болницата „Матер Деи“ во Рим од аденокарцином на левата дојка. На ден 30.1.2007 година, тужителот преку Адвокат Билјана Чакмакова доставил барање за спогодбено утврдување на штетата поради неосновано лишување од слобода до Министерството за правда, кое упатило известување од адвокат Билјана Чакмакова дека барањето неможе да биде усвоено во поглед на висината и дека останала можноста да ги оствари правата преку надлежен суд.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, правилно нашле пониските судови дека тужителот има право на надомест на штета. Ова предвид да истиот бил во притвор, а со правосилна пресуда е одбиено обвинението, па својството на истиот на лице неосновано лишено од слобода го овластува да предјави штета согласно член 530 став 1 точка 1 од Законот за кривична постапка.

Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека висината на штетата е одмерена во реален износ од 100.000,00 денари, предвид да согласно должината на притворот од 8 дена и утврдената состојба со вештачење од аспект на тоа како се одразил престојот врз душевната состојба на тужителот и неговите нематеријални добра, пониските судови аргументирано образложиле дека со вака досудениот паричен износ се постигнува целта за која е определен надомест по овој основ, а која

произлегува од одредбите на член 189 од Законот за облигационите односи. Согласно овие законски одредби се води сметка дали околностите на случајот го оправдуваат досудувањето на паричен надомест по наведените поединечни основи на нематеријална штета. Во конкретниот случај од изведениот доказ со вештачење произлегува дека тужителот претрпел душевни болки поради повреда на углед, честа, слободата и неговите права, како и страв, меѓутоа постоење на основот за досудување на нематеријална штета поради неосновано лишување од слобода значи одмерување на истата во еден вкупен износ кој соодветствува на околностите на случајот и спротивно е на целта за која е предвиден на име на нематеријална штета да се досудат поединечни парични износи како предјавени по повеќе основи на нематеријална штета предвидени во член 189 од горенаведениот закон.

Во смисла на изнесеното неоснован е ревизискиот навод дека не се дадени образложени причини за одбивање на тужбеното барање за надомест на нематеријална штета по предјавени основи на истата и да не се правилно применети одредбите од член 189 од Законот за облигационите односи. Дотолку повеќе што пониските судови дале подробно образложение не само од аспект на тоа дека барањето за надомест на нематеријална штета по основите по кои тужителот претрпел душевна болка се ценети при одмерување на надоместокот, туку и од аспект на тоа да на тужителот не му следува надомест на штета како за душевна болка поради здравствена состојба на неговите родители предвид кај нив се влошила временски покасно по неговото излегување од притвор, така и за душевна болка предизвикана од неможност да патува во странство поради привремено одземена патна исправа, предвид да по негово барање, а за обезбедување присуство во кривичната постапка е одредена оваа мерка.

По однос на материјалната штета, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека пониските судови правилно го примениле материјалното право кога го

одбиле како неосновано тужбеното барање. Од изведените докази произлегува дека не постои причинско-последична врска помеѓу предјавената штета на имот на тужителот со фактот што бил во притвор 8 дена, предвид да на таа околност пониските судови даваат доволно образложени причини за решителните факти со коишто во целост се согласува и овој суд. Имено, тужителот не приложил веродостојни докази за материјалната штета предизвикана на неговиот имот поради неработење на фирма, изгубена заработувачка, ликвидација на фирма, нереализирани договори, пропуштени рокови и пропуштени рати, како и неможност да исполни обврска за плаќање на алиментација, а пониските судови аргументирано образложиле зошто престојот на тужителот во притвор од 8 дена не бил причина за промена во имотната состојба на тужителот како еден од содружниците на друштвото АБ ДОО од Рим, ниту причина да не ја исполнува обврската за исплата на алиментација за своите две деца. Исто така, правилно образложиле дека не следува надомест на материјална штета за оперативни интервенции на неговите очи преку тоа што за време на притворот здравствено не се

влошила состојбата со неговите очи, како ни надомест за адвокатски трошоци во водената кривична постапка, предвид да тужителот можел да предјави вакви трошоци во кривичната постапка, но не го направил тоа.

Што се однесува до ревизискиот навод за трошоците на постапката, овој суд наоѓа дека е неоснован од причина што одлуката за трошоците е донесена согласно член 148 од Законот за парничната постапка и во согласност со успехот на странките во спорот.

Врховниот суд на Република Македонија ги имаше во предвид и останатите ревизиски наводи, но најде дека истите не се основ за поинакво одлучување.

Имајќи го во предвид напред наведеното, следуваше согласно член 384 од Законот за парничната постапка да се одбие ревизијата како неоснована.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 27.9.2012 година под Рев2.бр.1211/2011.

Претседател на советот - Судија
Зирап Лимани с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и: секретар

АИ